ДИЈАЛОЗИ, КУЛТУРА, ФЕМ 101

# Хероините на нашето време: Интервју со Јана Јакимовска

По повод изложбата „Хероините на нашето време“ на Јана Јакимовска, Медуза разговараше со Јана за нејзината работа, отворањето на изложбата, неодамнешниот престој во Њујорк, хуморот и жената. Разговорот го водеше Калиа Димитрова.



Фотографија: Драгица Николовска

## Она што јас го перцепирам како твоја секојдневна „мисија“ е демистификација на женското тело и начин на живот. Да појаснам: во свет во кој е неприфатливо да се зборува за природата на жената и женското тело, ти го правиш токму тоа, преку истакнување на реалното (она што е со несовршена форма, изглед, мирис и потреби исти како оние на мажот), наспроти идејата за мистериозното, нежното, невиното, мазното…Кој е твојот порив да се бавиш со оваа проблематика, првенствено на социјалните мрежи?

Поривот најверојатно произлегува од потребата јас да си бидам јас, без да ми биде нелагодно во сопствената (некогаш влакнеста) кожа. Немав намера тоа да биде некаква мисија, едноставно одбирам да зборувам за „слонот во собата“, бидејќи е крајно глупава ситуација да се одмолчуваат најприродните работи. Дури со постоењето на социјалните мрежи, сфатив дека моите најпрозаични изјави се доживуваат како чин на храброст. Тогаш и ми стана јасно до кој степен жените се кондиционирани да не се сакаат, да се срамат од себе, да се модифицираат, се’ тоа во име на општествено прифаќање. Да бев параноична, ќе помислев дека постои заговор против нас, дека некој не’ наведува да се занимаваме со маникир, со „волуменот на косата“, со целулитот…само за да не се занимаваме со фактичката состојба на жените ширум светот, нивните права кои во огромен процент не се остварени, нивниот третман на планетава која и во 21 век си „фура“ патријархални вредности.

## Дел од јавноста те памети преку твојот легендарен настап на ПичПрич во 2016, на темата „Првиот пат кога“. Какво беше искуството да се раскажува една толку комично-непријатна приказна пред толку луѓе? Дали сакаш да се смееш на сопствена сметка?

Работам како професор и навикната сум да зборувам пред луѓе. Нормално, таму не сум стенд-ап комичар цело време (само понекогаш 😉 ) но со студентите сме отворени и секогаш разговараме за работите кои општеството не’ убедува дека се непријатни, а нас не’ прават несигурни. На ПичПрич немав нелагодност, единствен страв ми беше да не испуштам еден детаљ без кој структурата на приказната ќе се распаднеше. Можеби причината за моето немање трема лежи и во тоа дека приказната не е сосема вистинита, односно е фиктивна компилација на повеќе вистинити настани. Сепак, морам да потенцирам дека гомното од приказната е вистинско, мислам дека публиката тоа и го препозна, хахаха. И да, сакам да се смеам, се смеам кога луѓето се смеат на своја сметка, сакам кога луѓето се смеат кога се шегувам на своја сметка, но презирам подбивање и шегачење на туѓа сметка – освен на сметка на оние кои имаат моќ над другите и истата ја злоупотребуваат. Тука пред се’ мислам на многу политичари во Македонија.

## Пред повеќе од една година пред јавноста во Скопје се претстави со изложбата „О“. О како оргазам или прослава на животот. Беа претставени 15 принтови со home-made шмек, во која се слави женскиот оргазам како мал триумф на слободата. Дали сметаш дека треба повеќе и/или поотворено да се зборува за женското сексуално задоволство или тоа не ти беше појдовна точка за проектот?

Проектот „О“ започна како мини-серија од 3 принта наменски изработени за изложбата La petite mort (Мала смрт) која во 2016 ја курираше Емил Алексиев. Тие принтови недвосмислено зборуваат за женскиот оргазам, го демистифицираат преку гримасите и текстуалните шкрабаници, но протнуваат и други, навидум незабележливи теми врзани со телото, женскоста, женските прашања, феминизмот, но и со мене лично. Сфатив дека тие 3 дела не ми се доволни да кажам се’ што имам на таа тема, па направив уште 12 за да се доискажам и во 2017 ја имав изложбата „О“ во Скопје. Кога после скопската изложба излезе можноста „О“ да отиде во Њујорк, изработив уште 5 принта на истата тема, а еден му посветив на врховниот грабач на дунди на САД, Доналд Трамп. „О“ во 2019 има шанса да се прошета и до Берлин, и претпоставувам дека ќе биде проширена (кхм, кхм) за уште некој принт.

## По повод изложбата „О“ Емил Алексиев пишува *„Делата на Јана Јакимовска, без сомнение – колку и да се впечатливи, жестоки и моќни – ќе предизвикаат само громогласен молк во нашава каллива културна бара…*“ Година и кусур по отварањето на изложбата и гостување во Њу Јорк со истата, кој би бил твојот коментар за перцепцијата на големото „О“ во македонската јавност (можеби и наспроти американската)?

Македонската јавност многу малку се занимава со уметност, а американската јавност многу малку се занимава со македонска уметност. Македонците и македонките ретко ќе отидат на изложба без разлика дали е за оргазам или не, а американците и (особено) американките и кога ќе отидат, има шанса демонстративно да ја напуштат во рок од минути. Но, американките знаат да бројат до 10, па се враќаат во галеријата и разгледуваат до крај. Потоа знаат да се соочат со слабоста на сопствената реакција и учат од сопствените грешки и предрасуди.
Но, шегата на страна, изложбата во Скопје имаше послаба медиумска покриеност, а Њујорк е толку голем што не очекував никаков особен одглас, затоа не можам да направам адекватна паралела. Она што мене ми направи особена чест во Њујорк е што американската фотографка Линда Тролер дојде специјално да ја види изложбата, ми се заблагодари за темата која ја обработувам, и ми ја подари нејзината книга фотографии насловена како Оргазам, во која се застапени фотографии и изјави на повеќе жени токму на оваа тема.

## “*Изморена сум и смрдам.”*– сподели на твојот фб профил додека беше во Мет, Њу Јорк. Што друго би сакала да споделиш од твоето патување таму?

Пред се’ би сакала да го споделам рецептот за справување со смрдеата под мишки која ме затекна насред Метрополитен музејот, а оттаму директно требаше да одиме на журка, јас и мојата усмрдена мишка. Немав дезодоранс со мене (во толкав голем град човек учи дека треба да си носи се’ со себе) ниту каде да се измијам, но за среќа Нено, мојот партнер, имаше палома марамчиња, па си ставив едно под мишка како влошка. За пар саати смрдеата исчезна.
Во Њујорк се изнаодев, се изнагледав и искусив нови работи. Генерално гледано, си поминав ужасно – ужасно прекрасно. За некој како мене кој сака уметност, храна и стенд-ап комедија, Њујорк е хаотичен блескав рај кој вреди да се посетува секој пат кога за тоа ќе се укаже прилика.




Фотографија: Драгица Николовска

## На 10 декември имавме имаме чест и задоволство да ја видиме твојата нова изложба „Хероините на нашето време.“ Изложбата е серија портрети на кои се прикажани жени од нашето локално опкружување. Што е за тебе хероина на нашето време?

Да, изложбата се отвори во понеделникот и има многу убави одгласи за сега, што многу ме радува. Особено важен дел, освен сликите, е ентериерот кој е создаден конкретно за изложбата, а за чија реализација неизмерно ми помогна Ненад Тонкин. Ентериерот е важен за да укаже на тоа каде до сега останувале повеќето женски приказни, и да предупреди дека тоа не смее да продолжи така. Инаку, не постои дефиниција за тоа што е хероина на нашето време. За мене лично, хероини се сите жени кои во тешки времиња (нашите времиња и нивните тежини добро си ги знаеме) се зафаќаат со тешки задачи и бијат битки за себе, за другите околу себе, и за оние кои ќе дојдат по нив. Во конкретниов мој избор од 11 хероини, станува збор за жени кои го погледнаа режимот во лице без да трепнат, застанаа во одбрана на различните, кренаа тупаници и балони со боја, плукнаа во грдото лице на патријархатот, и паралелно со тоа не престанаа да создаваат култура, уметност и убавина која пркоси на грдите „вредности“ со кои не’ удави нашето време.

## Велиш дека е важно женските заложби да се вреднуваат и надвор од женските кругови. Дали понекогаш се чувствуваш како да работиме, говориме, пишуваме во некаков вакум или веруваш дека нашите гласови имаат ехо „и надвор од женските кругови“?

Ако тврдам дека женските заложби се вреднуваат само и единствено во женските кругови, ќе лажам. Но, едно со сигурност знам: многу повеќе работа, труд и експонирање и’ е потребно на една жена за да се валоризира нејзината работа, отколку на еден маж. Тоа го знам и од лично животно искуство, но и од стотици туѓи животни приказни. Впрочем, постојат страници и страници напишани на оваа тема, најсвежо ми е искуството на маж и жена, кои работеле во маркетинг агенција и со клиентите се допишувале преку меил. Еден ден решиле да си ги заменат меил адресите. Жената се вчудоневидела од тоа како клиентите без поговор ги прифаќаат сите нејзини предлози кога се потпишани со машко име. Мажот пак, не можел да сфати како одеднаш клиентите имаат потреба да го исправаат, да не се согласуват со него, да му мажјаснуваат. Ако ова се случува во САД со професија која е навидум родово неутрална, што ли се случува во Македонија онаму каде фокусот на работата е на женските прашања? Моментално

постои тренд во светот, ваквата реалност да се промени. Наша обврска е да се потрудиме тој тренд да го претвориме во трајна состојба.




Фотографија: Драгица Николовска

НАПИШАНО ОД:

## КАЛИА ДИМИТРОВА

DEC 14, 2018

КОМЕНТАРИ